**ОПШТИНА ВЕЛЕС**
**MUNICIPALITY OF VELES**

Република Северна Македонија
Општина Велес
Број: 26-3453/2
09.07.2025 година
Велес

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19) а во врска со член 88 од Законот за општа управна постапка(Сл.весник на РМ бр.124/15), имателот на информации Општина Велес, постапувајќи по барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер бр.26-3453/1 од 01.07.2025 година, поднесен[redacted]го донесе следното:

## РЕШЕНИЕ

Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со бр.26-3453/1 од 01.07.2025 година, поднесено о[redacted]со кое се бара информација од јавен карактер:

-Колку е цената на една паметна улична светилка од вкупно 4.695 кои се поставија во Велес?

и истата да се достави на барателот по е-маил, **СЕ УСВОЈУВА.**

## Образложение

Службените лица за посредување со информации од јавен карактер кај имателот на информации Општина Велес, постапувајќи во законски определениот рок по горенаведеното барање согласно член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Македонија" бр.101/19), констатираа дека бараната информација е информација од јавен карактер и истата му ја доставува на барателот:

Врз основа на договорот бр. 05-3672/13 од 19.11.2024 помеѓу Општина Велес од една страна и Македонски Телеком од друга страна Ве известуваме дека согласно техничката спецификација која што е изготвена врз база на Физибилити студијата за реконструкција и модернизација на уличното осветлување ,Општина Велес набави 4 ( четири) различни типа на светилки . Целокупниот договор со цена на чинење на

секоја посебна светилка како и цена на чинење на секоја операција е даден во прилог на Решението.

Согласно горенаведеното, имателот Општина Велес одлучи како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова Решение незадоволната странка може да поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од приемот на Решението.

За Општина Велес
Службени лица за посредување со информации од јавен карактер

Марија Цилакова
Даниела Саздова
Фросина Маџарова

Доставено до:
-барателот;
-списи и архива.



*Општина Велес / Municipality of Veles*
*Street: „Panko Brashnar" No. 1*
*1400 Veles, North Macedonia*
*Tel/fax: ++389 43 232 966*
*e-mail: opve@veles.gov.mk*
*www.veles.gov.mk*